# ДОДЕЛЕНА ДРЖАВНАТА НАГРАДА "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"



# РАЗВОЈОТ НА НАУКАТА Е ОД ИНТЕРЕС ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**"Да им го врачиме со најтопли и најсрдечни желби ова признание и да им посакаме нови дела, како и напредок во научната дејност во татковината и во светот", изјави академик, Цветан Грозданов.**

Пишува: **Кокан СТОЈЧЕВ**

На 4 мај, на 105-годишнината од загинувањето на македонскиот револуционер Гоце Делчев, во Собранието на Република Македонија традиционално, како и секоја година, беше доделена државната награда "Гоце Делчев", за особени остварувања во науката од интерес за РМ.

Во присуство на претставници од политичкиот живот, од Универзитетот, верските заедници, истакнати личности и гости, претседателот на Одборот за доделување на државната награда "Гоце Делчев", академик Цветан Грозданов ги додели трите награди на го-





динашните лауреати: академик Владимир Серафимов за научен труд од областа на медицината, д-р Фросина Ташевска-Ременски за научен труд од областа на општествените науки и д-р Валентин Мирчевски за научен труд од областа на математиката.

"Да им го врачиме со најтопли и најсрдечни желби ова признание и да им посакаме нови дела, како и напредок во научната дејност во татковината и во светот", изјави Цветан Грозданов, академик.

Во името на добитниците на наградата на присутните им се обрати академик Владимир Серафимов.

Наградените не заборавија да ја спомнат потребата за финансиски вложувања во развојот на науката.

"Во овие свечени моменти треба да го потенцираме местото на науката во општеството, но и да се спомнат некои тешкотии со кои се судираат сите оние кои се обидуваат да ја практицираат или да ја применат во секојдневниот живот", изјави академик Владимир Серафимовски.

Наградата "Гоце Делчев" претставува највисоко државно признание од областа на науката, а го носи името на македонскиот идеолог и визионер кој светот го гледаше како "поле за културен натпревар меѓу народите".